УЖ-2.бр.337/2020

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Владанка Панчурова Сулејманова - Претседател на советот, Дијана Димитрова и Рина Исени - членови на советот, со записничар Ивица Наумоски- судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот А1 Македонија ДООЕЛ од Скопје, изјавена против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.1535/2019 од 13.02.2020 година, за јавна набавка, на седницата на советот одржана на 03.03.2021 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Жалбата на тужителот А1 Македонија ДООЕЛ од Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд У-5.бр.1535/2019 од 13.02.2020 година, СЕ ПОТВРДУВА.

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот за надомест на трошоци во постапката во износ од 1.280 денари, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.1535/2019 од 13.02.2020 година тужбата на тужителот А1 Македонија ДООЕЛ од Скопје, изјавена против Решението на Државната Комисија за жалби по јавни набавки бр.09-560/6 од 21.08.2019 година, ја одбил, како неоснована.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужителот поради сторени суштествени повреди на одредбите од постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право со предлог жалбата да се уважи, пресудата на Управниот суд да се укине и предметот да се врати на повторно разгледување и одлучување, како и да му надоместат трошоците на постапката во износ од 480,00 денари на име такса за тужба и 800,00 денари на име такса за жалба.

Одговор на жалба е поднесен од тужениот орган со предлог жалбата на тужителот да се одбие како неоснована.

Вишиот управен суд, по проучување на списите по предметот, ценејќи ги наводите во жалбата и одговорот на жалба, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парнична постапка, најде:

Жалбата е неоснована.

Видно од образложението на побиваната пресуда Управниот суд навел дека од увидот во списите по предметот утврдено било дека договорниот орган АД Пошта на Северна Македонија спровел постапка по Оглас за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.02189/2019 за набавка на услуги-избор на оператор за користење на услуги за мобилна телефонија и GPS за две години, за што претходно донел Одлука за јавна набавка бр.2103-40/1 од 06.06.2019 година. Набавката била делива на два дела, а постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки и во „Службен весник на Република Македонија" и истата се спроведувала со користење на електронски средства преку ЕСЈН и било предвидено да заврши без спроведување на Е – Аукција, како последна фаза на постапката, во која како критериум за избор била предвидена најниската цена, а од понудувачите било побарано да доставаt Изјава за сериозност на понудата и Гаранција за квалитетно извршување на договорот од 5%. Во текот на постапката, имајќи го предвид карактерот и видот на постапката, наведено е дека биле спроведени сите процесни дејства согласно Законот за јавни набавки. До крајниот рок за поднесување на понудите - 12.07.2019 година пристигнале вкупно три понуди кои биле отворени од страна на Комисијата при договорниот орган, за што бил составен и Записник од отворањето на понудите бр.2103-40/14 од 12.07.2019 година, па по извршената проверка на комплетноста и валидноста на понудите и Извештајот од спроведена постапка бр.2103-40/15 од 26.07.2019 година, Комисијата за јавни набавки дала предлог до одговорното лице на договорниот орган како најповолна понуда за Дел 1 да биде избрана понудата на економскиот оператор ОНЕ.ВИП ДООЕЛ од Скопје (сега тужителот А1 Македонија ДООЕЛ) и за Дел 2 понудата на економскиот оператор ГЕООКО ДООЕЛ - Скопје, по што ваквиот предлог бил прифатен и била донесена Одлуката за избор на најповолна понуда бр.2103-40/16 од 29.07.2019 година.

Против одлуката за избор на најповолен економски оператор, економскиот оператор МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје изјавил жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која со оспореното Решение бр.09-560/6 од 21.08.2019 година ја уважила жалбата и ја поништила Одлуката за избор на најповолна понуда бр.2103-40/16 од 29.07.2019 година. Во образложението на оспореното решение тужениот орган ги прифатил за основани наводите од жалбата кои се однесуваат на приложените полномошна издадени на лицата Ренато Дивљак и Катерина Нечовска со напатствија во повторна постапка првостепениот орган да ги преиспита истите повикувајќи се при тоа на одредбите од Законот за

трговските друштва. Во однос на наводите за дел 2 каде бил извршен избор на понудувачот ГЕООКО ДООЕЛ, тужениот орган во образложението на оспореното решение навел дека овие жалбени наводи се основани и во прилог на ова одат и наводите дадени во одговорот на жалба од органот кој постапувал во прв степен дека бил направен превид при контрола на документите.

Постапувајќи по тужбата на тужителот А1 Македонија ДООЕЛ од Скопје, Управниот суд донел Пресуда У-5.бр.1535/2019 од 13.02.2020 година со која тужбата на тужителот ја одбил како неоснована, наоѓајќи дека оспореното решение е законито и дека со истото не е повреден законот на штета на тужителот. Во образложението на побиваната пресуда судот навел дека во постапката која претходела на донесувањето на оспореното решение не биле сторени повреди на постапката, како и дека врз основа на правилно утврдена фактичка состојба правилно било применето материјалното право. Во својата одлука судот се повикал и ги цитирал доказите кои биле ценети при постапувањето, а од кои прифатил дека фактичката состојба била правилно утврдена и се повикал на одредбите од Законот за јавни набавки.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна, меѓутоа не од причините на кои се повикал Управниот суд.

По наоѓање на Вишиот управен суд, тужениот орган и Управниот суд неправилно оцениле дека наводите на економскиот оператор МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје кои се однесуваат на застапувањето на економскиот оператор А1 Македонија ДООЕЛ од Скопје, од страна на лицата Ренато Дивљак и Катерина Нечовска, вработени кај истиот правен субјект, се основани и дека при тоа не биле ценети одредбите од Законот за трговските друштва и Законот за облигации кои се однесуваат на полномошната и застапувањето по наведените закони, со напатствија при повторната постапка да се изврши преоценка на полномошната. Имено, токму од одредбите на наведените закони кои се однесуваат на полномошната, обемот на овластувањата дадени на полномошникот и застапувањето по полномошно, а имајќи ја предвид содржината на полномошната кои им биле издадени на погоре именуваните лица, произлегува дека не е спорно дека тие биле издадени со различен датум, но во конкретниот случај произлегува и дека истите биле со различен обем за застапување и превземање дејствија во постапката за јавни набавки, па оттаму според овој суд не може да се прифати за правилно образложението дека со подоцна издаденото полномошно на лицето Катерина Нечовска, лицето Ренато Дивљак се исклучува како полномошник на конкретниот економскиот оператор во оваа постапка.

Од друга страна, наводите кои се однесуваат за дел 2 од набавката каде бил извршен избор на понудувачот ГЕООКО ДООЕЛ, по наоѓање на Вишиот управен суд, правилно тужениот орган во образложението на

оспореното решение навел дека овие жалбени наводи се основани и дека во прилог на ова одат и наводите дадени во одговорот на жалба од органот кој постапувал во прв степен дека бил направен превид при контрола на документите, па со оглед да Одлуката за избор на најповолна понуда била во целост поништена со оспореното решение, пропустите кои биле сторени во целост треба да се отстранат при повторното постапување.

Вишиот управен суд при одлучувањето ги ценеше жалбените наводи на тужителот по сите основи, но истите ги одби како неосновани, од причини наведени во обрзложението на оваа одлука.

Барањето на тужителот за трошоци во постапката направени по тужбата и жалбата, овој суд го одби како неосновано. Ова согласно член 7-б од Законот за управните спорови, со кој е утврдено дека во управен спор странките сами ги поднесуваат трошоците што ги предизвикале со свое дејствие.

Вишиот управен суд имајќи го во предвид горе наведеното одлучи како во изреката на пресудата согласно член 7-а од Законот за управните спорови а во врска со член 357 од Законот за парнична постапка.

Пресудено во Виш управен суд на ден 03.03.2021 година под УЖ-2.бр.337/2020.

Записничар - судски соработник
Ивица Наумоски с.р.

Претседател на совет - Судија
Владанка Панчурова Сулејманова с.р.

/АМ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВИШ УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува

Судски службеник